РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14- 1266
10.10.2018 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11) и врз основа на член 215 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на Факултетот за информатика, единица во состав на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје,

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на Факултетот за информатика, единица во состав на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Приватната високообразовна установа Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје се обрати со барање бр. 03-151/1 од 06.06.2018 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1266 од 16.05.2018 година, за добивање на Решение за почеток со работа на Факултетот за информатика единица во состав на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, Решение за акредитација бр. 1409-55/2 од 03.05.2018, издадена од страна на одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1266 од 25.06.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 29.08.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1266 од 24.09.2018 година, каде е наведено дека на Факултетот за информатик единица во состав на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, се исполнети условите согласно Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје
- Архива

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14- 1266
10.10.2018 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11) и врз основа на член 216 од нов Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на тригодишни и четиригодишни студии по Софтверско инженерство, втор циклус на едногодишни специјалистички студии по Софтверско инженерство и втор циклус едногодишни и двегодишни студии по Софтверско инженерство на Факултетот за информатика, единица во состав на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје,

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на тригодишни и четиригодишни студии по Софтверско инженерство, втор циклус на едногодишни специјалистички студии по Софтверско инженерство и втор циклус едногодишни и двегодишни магистерски студии по Софтверско инженерство на Факултетот за информатика, единица во состав на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Приватната високообразовна установа Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје се обрати со барање бр. 03-151/1 од 06.06.2018 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1266 од 16.05.2018 година, за добивање на Решение за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на тригодишни студии по Софтверско инженерство (решение за акредитација бр. 1409-55/4 од 03.05.2018г.) и четиригодишни студии по Софтверско инженерство (решение за акредитација бр. 1409-55/3 од 03.05.2018г.), од втор циклус едногодишни специјалистички студии по Софтверско инженерство (решение за акредитација бр. 1409-55/7 од 03.05.2018г.) и едногодишни студии по софтверско инженерство (решение за акредитација бр. 1409-55/6 од 03.05.2018г.) и двегодишни магистерски студии по Софтверско инженерство (решение за акредитација бр. 1409-55/5 од 03.05.2018г.), издадени од страна на одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1266 од 25.06.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 29.08.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1266 од 24.09.2018 година, каде е наведено дека на Факултетот за информатика, со студиските програми од прв циклус на тригодишни и четиригодишни студии по Софтверско инженерство, втор циклус едногодишни специјалистички студии по Софтверско инженерство и едногодишни и двегодишни магистерски студии по Софтверско инженерство, единица во состав на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, се исполнети условите согласно Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје
- Архива

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti